Орхидеја ШУРБАНОВСКА **УДК: 37.064.3 : 316.628**

# ОСАМЕНОСТ, ЗАДОВОЛСТВО ОД УЧИЛИШТЕТО И ДРУГАРСТВОТО


***Кратка содржина***

*Врсничките односи не се секогаш пратени со чувство на задоволство. Детето кое не успеало задоволително да ги реализира односите со врсниците во училиштето и пошироката средина, а со тоа и да ги задоволи своите потреби за припаѓање, љубов и интимност, покажува осамено однесување во училиштето. Осаменоста е резултат на неуспешна социјална интеракција. Од друга страна, детето што е задоволно од училиштето, се чувствува пријатно, прифатено и прилагодено во училишната средина. За појава на овие чувства значајни се многу фактори.*

*Каков е придонесот на родителите и врсниците (другарите) во чувството на осаменост на детето, но и во чувството на задоволство од училиштето, во период од средното детство и почетокот на адолесценцијата, може да се согледа од резултатите на нашето истражување. Обработени се податоците на вкупно 194 ученици (од III и VII одделение). Резултатите добиени со линеарна мултипла регресија, покажуваат дека осаменоста кај учениците од III одделение се објаснува* ***само*** *со семејните варијабли. Тие придонесуваат во објаснување и предвидување на осаменоста 36%. Осаменоста на учениците од VII одделение може да се предвиди преку емоционалноста на мајката (негативна корелација), контрола од мајката и неприфаќање од таткото, како димензии на семејните варијабли, додека од врсничките варијабли се издвои задоволството од најдобриот другар. Тие ја објаснуваат и предвидуваат варијаблата осаменост 42%. Значи на оваа возраст за осаменоста, покрај семејните односи, значаен е и односот со најдобриот другар. Според резултатите на регресивната анализа (за учениците од III одделение) како предвидувачки фактори на задоволството на детето од училиштето се истакнуваат: квалитетот на семејната интеракција, одбивање од таткото (негативна корелација), контрола од мајката (негативна корелација) и квалитетот на односите со најдобриот другар, кои го објаснуваат задовол-*

*ството од училиштето 29%. Кај седмоодленците се издвоија: квалитетот на семејната интеракција, одбивањето од мајката и квалитетот на другарството, кои го објаснуваат задоволството на детето од училиштето 29%.*

***Клучни зборови:*** *ОСАМЕНОСТ, ЗАДОВОЛСТВО ОД УЧИЛИШТЕ, ДРУГАРСТВО, СЕМЕЈНИ ОДНОСИ, ВРСНИЧКИ ОДНОСИ.*

## Осаменост на детето во училиштето

Односите со врсниците не се секогаш пратени со чувство на задоволство. Доколку детето не успее задоволително да ги реализира односите со своите врсници и средината, а со тоа и да ги задоволи своите потреби за припаѓање, љубов или интимност, се јавува непријатна емоција која ја нарекуваме осаменост. Осаменоста е одраз на неуспешна социјална интеракција (Peplau и Perlman, 1982). Во обидот да се дефинира осаменоста настанале три групи дефиниции. Првата група дефиниции осаменоста ја смета за резултат на дефицит во социјалните односи. Втората група дефиниции зборува за осаменоста како субјективно искуство кое се разликува од објективната социјална изолираност. Третата група дефиниции зборува за осаменоста како болно и непријатно искуство. Саливан во својата интерперсонална теорија на личноста ја нагласува потребата за интимност како социјална потреба, која ако не се задоволи доведува до чувство на осаменост (Sullivan, 1953). Соодветно на оваа теорија осаменоста е емоционално доживување кое настанува како врска меѓу објективниот дефицит во социјалните односи и субјективните реакции на тој дефицит. Во раното детство осаменоста е поврзана со потребата за вклучување на возрасните во активностите на детето. Осаменоста во детството е поврзана со врсничките односи и тоа посебно со прифатеноста од страна на врсниците. Во периодот на предадолесценција осаменоста е поврзана со друга димензија на односи со врсниците, а тоа е другарството. Во тој развоен период се создава потребата за интимност која детето ја задоволува во контакт со најдобрите, блиски другари. Сигурноста, љубовта и задоволството кое детето ги задоволува со дружењето со другарот ја оневозможува појавата на осаменост. Саливан нагласува дека вистинската осаменост се јавува во овој развоен период кога потребата за интимност станува доминантна социјална потреба. Ако ги земеме предвид подоцнежните истражувања (Asher и сор., 1990; Asher и Wheeler, 1985; Parker и Asher, 1993; Berndt, 1996) и Саливановото развојно разликување на причините на чувството на осаменост, може да се

изведе заклучок дека за појавата на овие емоции во детството поважна е прифатеноста од врсниците, додека за подоцнежното детство, предадолесценција и адолесценција, поважен е односот со еден најдобар другар.

Во други истражувања (Peplau и Perlman, 1982) ги нагласуваат когнитивните процеси кои стојат во основа на перцепцијата на сопствените односи со другите. Осаменоста е резултат на незадоволството со некоја социјална врска, односно перцепција на постоење разлика меѓу квалитетот на посакуваните и реалните социјални односи. Значи, во согласност со оваа теорија осаменоста е когнитивно доживување кое е резултат на проценката на социјалните односи како неадекватни.

Осаменоста е тесно поврзана со загриженоста на децата, а со тоа и со анксиозноста. Силверман и соработниците (1995) ја испитувале загриженоста на децата од основното училиште (7-12 години) во релација со анксиозноста. Резултатите на спроведеното истражување покажуваат дека три најчести области на загриженост се: училиштето, здравјето и личните проблеми на децата. Анксиозноста е значајно поврзана со загриженоста на децата. Бројот на грижите, а посебно, интензитетот на загриженоста, може да ги диференцираат високо и ниско анксиозните деца во примерокот на учениците.

Од сето досега кажано може да се заклучи дека социјалните односи се резултат на бихејвиоралната меѓузависност во кои влијанијата се обострани. Прифатеноста на детето во групата врсници и бројот на другари се поврзани со ставот кон училиштето, степенот на осаменост и училишното постигнување (Ladd, 1990).

Со други зборови различните социјални фактори (семејство, врсници, наставници...) кои влијаат врз детето се двонасочни и меѓусебно испреплетени. Ваков интегрален став е карактеристичен за Бронфенбреноровиот еколошки модел. Со оглед на испреплетеноста на влијанието на различни фактори и меѓусебно влијание на тие фактори и самиот поединец, многу е тешко да се донесе заклучок кој има тенденција да ги објасни каузалните односи.

Задоволството од училиштето укажува на степенот на задоволството на детето од училиштето, односно колку детето сака да оди на училиште.

## Семејни односи

Дековиќ и Јансенс (1992) заклучиле дека популарните и отфрлените деца имаат различни искуства во семејството. Стилот на воспитување во семејството кај популарните деца е авторитативно-демократски, додека кај отфрлените деца преовладува авторитарно-рестриктивен воспитен стил. Родителскиот стил не е поврзан само со статусот на детето во врсничката група туку и со однесувањето на детето во таа група. Децата кои се отфрлени од мајката во односите со браќата и сестрите покажуваат поголема агресија исто како и во интеракцијата со врсниците.

Родителското одбивање е поврзано со агресивното однесување и недругарство кон децата, негативна самоефикасност и зависност. Отфрлените деца повеќе се ориентирани кон врсниците, повеќе време минуваат надвор од домот за разлика од прифатените деца. Тие деца кои не ја задоволиле потребата за топлина и припаѓање остануваат незадоволни, ги зголемуваат напорите да ја задоволат љубовта и вниманието и така стануваат зависни. Меѓутоа одбивањето има циклична природа. Имено, отфрлените деца ги отфрлаат родителите, што внесува уште поголем раздор во меѓусебните односи. Оваа појава на двострано одбивање Боулби ја нарекува „анксиозна врзаност“ (Rohner, 1984). Тие деца се агресивни и не се во состојба да ги контролираат агресивните нагони и недругарство. Со генерализирање на чувството на незадоволство, недругарство и несигурност, децата тие исти чувства ги покажуваат и во други социјални опкружувања. Негативните чувства го оневозможуваат детето во формирање на задоволувачки социјален однос со врсниците.

## Врснички односи (другарство)

Димензијата на социјалните релации меѓу врсниците во дијада е всушност релација меѓу двајца другари. Односот со другарот се разликува од односот со другите врсници и од односот со родителите. Перцепцијата на рамноправност резултира со компетитивност, но од друга страна кога е можно да се постигне ист резултат во другарската врска почесто е присутно помагањето, споделувањето и другите просоцијални форми на однесување. Конфликтите меѓу другарите се од другарска природа. Иако рамноправни, другарите не се идентични. Индивидуалните различности бараат рамноправност (Youniss и Smollar, 1985). Симетричниот реципроцитет се преобразува во искрен, отворен однос, препознавајќи ги потребите и желбите на својот другар. Другарскиот однос прави баланс меѓу одговорноста и независноста (Berndt, 2002).

Релацијата со другарот се случува во атмосфера на поддршка, интимност, пријатност (Parker и сор., 1995; Youniss и Smollar, 1985). Врската со блиско лице од иста возраст е примарно социјално искуство врз основа на која детето учи да се соочува со конфликтни ситуации. Основната карактеристика на другарската врска се однесува на времето поминато во заеднички активности кое е пропратено со задоволство. Самооткривањето, доверувањето на тајните, верноста, интимноста и искреноста се особини на односот меѓу двајца блиски другари (Youniss и Smollar, 1985, Berndt, 2002). *Дугарството,* според Лад (1999), е *доброволен однос во дијада, кој го сочинува емоционалноста на врската која се развива меѓу партнерите.* Хартап (1996), Паркер и соработниците (1995) другарството го дефинираат со помош на слични критериуми од кои произлегува дека тоа е взаемен однос меѓу две лица кој мора да биде препознаен од двата партнера како таков. Јонус и Смолер (1985) блискиот другар го дефинираат како лице од ист пол кој не е брат или сестра. Иако оваа втора дефиниција става нагласка на истополност на другарската врска (односот меѓу спротивните полови вклучува романтична нота или нота на сексуалност, која во другарската врска ја нема) на неа треба критички да се осврнеме. Врз основа на така дефинирано другарство не е можно да се разликува другарската релација од релацијата со некој друг врсник. Далеку поприфатлива дефиниција на другарството би можела да гласи: *другарството е взаемно привлечен однос меѓу двајца поединци од ист пол со реципроцитетна интеракција која им овозможува задоволување на потребата за дружење, интимност и блискост.* Овде е ставена нагласка на истополност на другарската врска со оглед на возраста, доцно детство и почеток на адолесценција. Имено на таа возраст карактеристично е другарство меѓу другари од ист пол (и во прашалниците во нашето истражување се потврди дека за другари се бираат почесто деца од ист пол). За разлика од односот со другите врсници, односот со другарите е пропратен со уживање (Youniss и Smollar, 1985). Додека е со другарот детето покажува среќа, ги одбегнува другите обврски и активности за да повеќе време мине во друштво со лицето кое му дава поддршка и совети (Berndt, 2002). Другарите зависат еден од друг. Тие чувствуваат обврска за взаемно помагање во ситуации кога е потребно. Другарството подразбира взаемна поддршка.

Интеракцијата меѓу другарите е врз основа на заеднички интереси и взаемна привлечност. Многу автори се обиделе да ги систематизираат ефектите на другарската врска (Hartup и Stevans, 1997; Ladd 2001; Berndt, 1996; Asher и сор. 1996; Bukowski и Boivin, 1996). Меѓу најчестите добивки од другарството се: емоционална сигурност, позитивна слика за себе, социјална компетенција, задоволена потреба за интимност, усвојување на просоцијални норми на однесување и чувство на задоволство.

Поседување на другар посебно во времето на транзицијата (адолесценција) служи како фактор кој ја ублажува таа стресна ситуација. Сигурноста што ја дава другарот овозможува успешно соочување со училишната ситуација. Освен тоа децата кои во времето на транзицијата имаат близок другар (со другарот го делат новото искуство) полесно стекнуваат нови другарства и така ја шират мрежата на другари.

Симболичкиот интеракционизам е пристап кој ја респектира интерсистематската меѓузависност, односно меѓусебно зависното влијание на интеракцијата во семејството и интеракцијата со врсниците (Fine, 1981).




**Слика 1.** Влијание на семејните и врсничките односи врз социјалното однесување на детето во училиштето

Конјуктивното влијание на семејството и врсниците е поткрепено со многу истражувања. Така Хартап (1979) ги наведува резултатите од истражувањето кои се спроведени на деца од разведени родители. Тие деца покажале повеќе несогласувања во односите со врсниците, квалитетот на детската игра бил многу послаб отколку кај децата на целосните семејства. Емоционалната несигурност која владее во семејното опкружување ја ограничува детската слобода во истражувањето на околината, па детето покажува мала самодоверба, а повеќе антисоцијално однесување.

Врз основа на истражувањата оправдано е да се очекува дека двата фактора на социјализација, семејството и врсниците, се тесно поврзани со социјалното однесување на детето во училишната средина. Заради тоа, прашањето што се поставува во нашето истражување е: *Каква е поврзаноста на односите во семејството и односите со врсниците со осаменоста и задоволството на детето од училиштето, на одредена возраст (ученици од III и VII одделение)?*

## Метод на истражувањето

Семејните односи се претставени преку повеќе димензии кои се опфатени во 2 инструмента. Првиот е наменет за следниве индикатори: квалитетот на интеракцијата во семејството, прифатеност од мајка и од татко, одбивање од мајка и од татко (Vulić-Prtorić, 1998), вториот за: емоционалноста на мајката и на таткото, контролата од мајката и од таткото (Macuka, 2005). Врсничките односи се мерени со 5 инструменти: прашалник за квалитетот на другарството (Parker и Asher, 1993), прашалник за задоволството со најдобриот другар (Parker и Asher, 1993), прашалник за реципроцитет на другарството (Bunk и Prius, 1998), прашалник кој го мери односот на три најдобри другари кон ученикот и ученикот кон нив (Pierson и Spitsberg, 1990) и прашалник за социјалниот статус на ученикот во одделението. Во истражувањето се применија и прашалникот за задоволство од училиштето (Lad и Price, 1987) и прашалникот за осаменост во училиштето (Asher и сор. 1990). Секој инструмент квантитативно ја определува секоја од варијаблите во истражувањето.

## Испитаници

Во истражувањето беа обработени податоците од 194 испитаници. Испитаниците беа ученици од III и VII одделение. Според тоа во главното истражување учествуваа 85 ученици од III одделение (40 машки, 45 женски) и 109 ученици од VII одделение (49 машки, 60 женски). Причината за избор токму на оваа возраст е во сфаќањето дека периодот на средното детство и предадолесценцијата се периоди во кои се формираат првите вистински другарства. Сите испитаници се ученици на едно градско основно училиште во Скопје.

## Резултати

За обработка на податоците од истражувањето се користеше статистичката постапка линеарна мултипла регресивна анализа преку статистичкиот компјутерски програм SPSS 15. Со постапката backward добиен е модел на варијабли чии β коефициенти ги покажуваат *значајните* предвидувачи на осаменоста. Од Табелата 1. може да се види дека во предвидување на осаменоста, кај учениците од III одделение, иако беа вклучени во регресивната анализа и семејните и врсничките варијабли, значајно учество имаат ***само*** семејните варијабли, и затоа само тие се прикажани во табелата. Тие придонесуваат во објаснување и предвиду-

вање на варијаблата осаменост на детето 36% (според коефициентот на детерминација $R^2$=0,365).

**Табела 1**. Резултати на регресивната анализа на семејните и врсничките варијабли за варијаблата **осаменост** кај учениците од III одделение

| **зависна варијабла** | **модел на значајни независни варијабли** | **β** | **t** | **значајност** |
|---|---|---|---|---|
| **осаменост** | татко контрола | 0,403 | 4,234 | 0,000 |
| | татко прифаќање | -0,343 | -3,812 | 0,000 |
| | мајка одбивање | 0,191 | 2,062 | 0,043 |
| | квалитет на семејна интеракција | -0,192 | -2,091 | 0,040 |

R = 0,604 $R^2$ = 0,365 F = 11,510 p = 0,000

Тој податок се потврдува и со резултатите (коефициенти на мултипла корелација и коефициенти на детерминација) прикажани во Табела 2.

**Табела 2.** Коефициенти на мултипла корелација и коефициенти на детерминација за поврзаноста на семејните и врсничките варијабли со **осаменоста** на учениците од III одделение

| **облик на социјално однесување** | **семејни варијабли** | | **врснички варијабли** | | **заедно семејни и врснички** | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **осаменост** | R | $R^2$ | R | $R^2$ | R | $R^2$ |
| | 0,604** | 0,365 | 0,352 | / | / | / |

*p<0,05 **p<0,01

Резултатите од Табела 3. покажуваат дека значајно влијание врз осаменоста на ученикот (VII одделение) имаат емоционалноста на мајката, контрола од мајката и прифаќање од таткото, како димензии на семејните варијабли, додека од врсничките варијабли се издвои варијаблата задоволство од најдобриот другар. Тие ја објаснуваат и предвидуваат варијаблата осаменост 42% според коефициентот на детерминација $R^2$=0,423.

**Табела 3.** Резултати на регресивната анализа на семејните и врсничките варијабли за варијаблата **осаменост** кај учениците од VII одделение

| **зависна варијабла** | **модел на значајни независни варијабли** | **β** | **t** | **значајност** |
|---|---|---|---|---|
| **осаменост** | мајка емоционалност | -0,295 | -3,189 | 0,000 |
| | мајка контрола | 0,230 | 2,750 | 0,002 |
| | татко прифаќање | -0,179 | -2,157 | 0,033 |
| | задоволство од најдобриот другар | -0,294 | -3,889 | 0,000 |

$R = 0,650$ $R^2 = 0,423$ $F = 19,03$ $p = 0,000$

Од Табела 4. може да се види дека *семејните* варијабли имаат значаен удел во објаснување на варијаблата осаменост ($R^2$) 38%, но и уделот на *врсничките* варијабли е значаен со ($R^2$) 18%. Заедничкиот удел на семејните и врсничките односи изнесува ($R^2$) 42%. Соодносот на овие резултати покажува дека сепак најголем удел во објаснување на осаменоста имаат семејните варијабли, иако и врсничките варијабли посебно се значајни показатели на осаменоста.

**Табела 4.** Коефициенти на мултипла корелација и коефициенти на детерминација на семејните и врсничките варијабли со **осаменоста** на учениците од VII одделение

| | **семејни варијабли** | | **врснички варијабли** | | **заедно семејни и врснички** | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **осаменост** | R | $R^2$ | R | $R^2$ | R | $R^2$ |
| | 0,617** | 0,381 | 0,422** | 0,178 | 0,650** | 0,423 |

*p<0,05 **p<0,01

Заедничкото влијание на семејните и врсничките варијабли со највисок процент ја објаснуваат варијаблата осаменост на детето во училишната средина.

Според резултатите прикажани во Табела 5. како фактори на задоволството на детето од училиштето се истакнуваат следниве варијабли: квалитетот на семејната интеракција, одбивање од таткото, контрола од мајката и квалитетот на односите со најдобриот другар. Сите тие ја објаснуваат варијаблата задоволство на детето од училиштето 29% ($R^2$=0,293).

**Табела 5**. Резултати на регресивната анализа на семејните и врсничките варијабли за варијаблата **задоволство од училиштето** кај учениците од III одделение

| **зависна варијабла** | **модел на значајни независни варијабли** | **β** | **t** | **значајност** |
|---|---|---|---|---|
| **задоволство од училиштето** | квалитет на семејна интеракција | 0,230 | 2,221 | 0,021 |
| | татко одбивање | - 0,221 | 2,553 | 0,059 |
| | контрола мајка | -0,266 | -2,553 | 0,013 |
| | квалитет на другарството | 0,304 | 2,687 | 0,009 |

R=0,541 $R^2$=0,293 F=6,463 p=0,000

И врз основа на резултатите од Табела 6. може да заклучиме дека кај учениците од III одделение двете групи на варијабли (семејните со 23% и врсничките 19%) значајно учествуваат во објаснување на задоволството од училиштето.

**Табела 6.** Коефициенти на мултипла корелација и коефициенти на детерминација на семејните и врсничките варијабли со **задоволство од училиштето** на учениците од III одделение

| | **семејни варијабли** | | **врснички варијабли** | | **заедно семејни и врснички** | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **задоволство од училиштето** | R | $R^2$ | R | $R^2$ | R | $R^2$ |
| | 0,482** | 0,232 | 0,440* | 0,194 | 0,541** | 0,293 |

*p<0,05 ** p<0,01

Значи, задоволството од училиштето се објаснува со семејните и со врсничките варијабли посебно, сепак во споредба со нив, нивното заедничко учество е најголемо и изнесува 29% ($R^2$= 0,293).

**Табела 7**. Резултати на регресивната анализа на семејните и врсничките варијабли за варијаблата **задоволство од училиштето** кај учениците од VII одделение

| **зависна варијабла** | **модел на значајни независни варијабли** | **β** | **t** | **значајност** |
|---|---|---|---|---|
| **задоволство од училиштето** | квалитет на семејна интеракција | 0,310 | 3,196 | 0,020 |
| | мајка одбивање | -0,239 | -1,833 | 0,046 |
| | квалитет на другарството | 0,198 | 1,951 | 0,035 |

R=0,541 $R^2$=0,293 F=6,463 p=0,000

Со регресивната анализа како предвидувачки фактори на задоволството од училиштето кај седмоодделенците се издвоија: квалитетот на семејната интеракција, одбивањето од мајката и квалитетот на другарството, кои ја објаснуваат зависната варијабла 29% (Табела 7.).

Регресивната анализа со која го испитувавме придонесот на групата семејни и групата врснички варијабли, зборува во прилог на значајно учество на групата *семејни* варијабли 19% во објаснување на задоволството од училиштето. Интересен податок е што учеството на врсничките варијабли не е значајно (Табела 8).

**Табела 8.** Коефициенти на мултипла корелација и коефициенти на детерминација на семејните и врсничките варијабли со **задоволство од училиштето** на учениците од VII одделение

| | **семејни варијабли** | | **врснички варијабли** | | **заедно семејни и врснички** | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **задоволство од училиштето** | R | $R^2$ | R | $R^2$ | R | $R^2$ |
| | 0,441** | 0,195 | 0,320 | / | 0,541** | 0,293 |

*p<0,05 **p<0,01

Односно, задоволството од училиштето кај учениците од VII одделение се објаснува со семејните варијабли, но и со заедничкото учество на семејните и врсничките варијабли.

## Заклучок и дискусија

Сосема оправдано, осаменоста се разгледува во контекст на задоволството на детето од социјалните односи. Неможноста за задоволување на потребата за припаѓање и љубов резултира со незадоволство и чувство на осаменост. Во истражувањата на Пеплеи и Перлман (1982) осаменоста има и когнитивна димензија и е резултат на незадоволството од некоја социјална врска, односно перцепција за постоење на разлика меѓу квалитетот на посакуваните и остварените социјални односи. Во согласност со оваа теорија осаменоста е когнитивно доживување кое е резултат на проценката на социјалните односи како неадекватни.

Во истражувањето на интеракцијата меѓу детето и двата родитела се вклучени димензиите: прифаќање и емоционалност, од една страна и одбивање и контрола, од друга страна. Според добиените резултати во нашето истражување може да забележиме дека тие димензии немаат подеднаква јачина во објаснување на варијаблата *осаменост*. Прифа-

ќањето и емоционалноста, како облик на интеракција, се доживуваат како нешто нормално, односно како очекуван однос од родителите. За разлика од прифаќањето и емоционалноста, одбивањето и контролата како механизми на интеракција имаат поголеми последици врз психичкиот живот на детето. Со други зборови, одбивањето и контролата имаат поголем негативен ефект, отколку што прифаќањето и емоционалноста имаат позитивен ефект. Од ова произлегува дека димензиите на односите различно влијаат врз облиците на социјалното однесување на детето. Според резултатите од нашето истражување, неприфаќањето и високата контрола од таткото кај учениците од III одделение имаат најголемо влијание на осаменоста. Од овие резултати се добива следнава слика на семејство чие дете е осамено во училиштето: татко кој најчесто не е присутен во домот или има игнорирачки однос кон детето, или поставува високи барања и дисциплина од детето, мајка која е недругарски расположена, дистанцирана и рамнодушна. Ваквите односи во семејството детето ги перципира како негативни и тоа влијае да се чувствува осамено.

Учеството на врсничките односи во објаснување на чувството на осаменост е помало и не е значајно. Иако се очекуваше поголем удел на врсничките односи во објаснување и предвидување на чувството на осаменост, како што наведува Саливан, во ова истражување тоа не се потврди. Но сепак, одбивањето од врсниците (резултат на социометриската постапка), како индикатор на групните односи со врсниците, покажа поврзаност со осаменоста на детето во училиштето (тие резултати се добиени во истражувањето но не се прикажани во овој труд).

Кај учениците од VII одд. добивме поинакви резултати. Имено, и двата фактори се значајни за чувството на осаменост кај учениците, но интересно е што улогата на семејството е поголема од улогата на врсниците. За разлика од резултатите на помладите ученици, кај учениците од VII одд. врсниците имаат значајно влијание врз осаменоста. Од податоците може да се заклучи дека сликата за семејството што предизвикува осаменост кај детето е иста со онаа што ја опишавме погоре, т.е. таа се задржува и на оваа возраст кај учениците (VII одд.). Но сега, односите со најдобриот другар заземаат значајно место во објаснување на осаменоста.

Оттука се поставува прашањето од кои причини врсниците имаат помала, но сепак значајна улога во чувството на осаменост на учениците на возраст за која постојат сфаќања дека врсниците имаат важно место во животот на детето. На ова прашање може да дадеме два можни одговора. Првиот одговор се заснова врз претпоставката која ја наведуваат авторите Јоунис, Меус и Дековиќ (1995). Имено, односот родител-дете на возраст од 13 години станува подемократичен, взаемен и порамнопра-

вен. Споменатите автори сметаат дека ова е период на намалување на јазот меѓу родителот и детето, кога тој однос престанува да биде унилатерален па сè повеќе се заснова на взаемен однос и дискусија. Интеракцијата родител - дете, која до адолесценцијата се засновала на доминација на родителот, станува сè повеќе реципроцитетна. Врз основа на овие претпоставки може да заклучиме дека врсниците имаат второстепена важност за адолесцентот, или пак тие се значајни на некој друг начин, и дека потребата за инитимност детето, пред сè, ја задоволува во семејството. Вториот одговор, исто така, може да биде прифатлив, и се заснова врз претпоставката дека светот на адолесцентите се шири и надвор од училиштето. Ученикот не мора да биде ограничен на избор од одделението, посебно кога се работи за најдобар другар. Тој е вклучен во бројни вонучилишни активности, повеќе престојува надвор од домот и од училиштето и е во ситуација да одбере најдобар другар од некоја друга социјална средина. Во нашето истражување се опфатија само другарства во рамките на одделението. Кога би се опфатиле и други фактори на социјализација кои би можеле да влијаат на осаменоста, најверојатно ќе се покажат и други одговори.

Задоволството од училиштето кај учениците од III одд. е поврзано со помалку димензии на двете групи фактори, семејни и врснички. Кај оваа возрасна група ученици една *врсничка* варијабла покажа значајна предвидувачка вредност, а тоа е варијаблата квалитет на другарството со најдобриот другар. Овие податоци се потврдуваат и со резултатите на коефициентите на детерминација на двете групи варијабли, поодделно и заедно. Имено, семејните варијабли во повисок процент учествуваат во објаснување на варијаблата задоволство на детето од училиштето, отколку врсничките варијабли, иако и двата фактора се значајни. Оттука произлегува заклучокот дека детето од III одд. ќе биде позадоволно од училиштето доколку односите во семејството ги доживува попозитивно, односно доколку доживува, пред сè, топла семејна атмосфера, соработка, поддршка и пријателски однос од таткото, како и реални очекувања и барања од мајката. Врсничките односи се исто така значајни фактори за оваа варијабла. Квалитетот на другарството со најдобриот другар повеќе придонесува во задоволството на детето од училиштето отколку групните односи во одделението. Значи, детето ќе биде задоволно од училиштето ако во одделението има барем еден најдобар другар со кој има квалитетни односи во другарството. Од друга страна, се чини дека на оваа возраст кај ученците влијаат и други фактори врз поголемото или помалото задоволство од училиштето. Имено, тоа е возраст на која учениците посетуваат одделенска настава, која има еден до два наставника, ни се наметнува едно можно објаснување. Наставникот е лице кое има значајно влијание врз ученикот, па најверојатно влијае и на тоа дали ученикот

оди со задоволство или не оди со задоволство на училиште. Улогата на наставникот, која во ова истражување не ја опфативме, најверојатно влијае врз детето во неговото доживување на училиштето како место во кое се чувствува сигурно и задоволно. Може да претпоставиме дека, исто како и со родителските стилови, и различните стилови на наставниците, како односи кон учениците, резултираат со различен степен на задоволство на детето од училиштето.

Проучувајќи ја оваа варијабла кај учениците од VII одд. се добиваат интересни податоци кои укажуваат на тоа дека семејните варијабли се значајно поврзани со задоволството на детето од училиштето и на оваа возраст. Од сето ова видливо е значајното влијание на семејните односи како во поединечна смисла така и во заедничкото учество со врсниците. Значи, децата и на адолесцентска возраст, кои односите во семејството ги проценуваат позитивно, засновани на топлина, разбирање и поддршка во учењето, се позадоволни и од училиштето, за разлика од децата кои ги доживуваат односите во семејството како занемарувачки, ладни и без поддршка. За оваа возраст, повеќе пати се истакна оправданоста од избор на најдобар другар во одделението, односно квалитетното другарство со најдобриот другар значајно влијае на задоволството на детето од училиштето.

## Литература


Adalbjarnardottir, S., 1995. *How Schoolchildren Propose to Negotiate: The Role of Social Withdrawal, Social Anxiety and Locus of Control.* Child Development, Vo. 66, 1739-1751.

Asher, S.R., and Wheeler V.A., 1985. *Children's Loneliness: A Comparison of Rejected and Neglected Peer Status.* Journal of Consulting and Clinical Psychology. 53/4, 500-505.

Berndt, T.J., 2002. *Friendship Quality and Social Development, Current Directions in Psychological Science.* Department of Psychological Sciences. West Lafayette, Indiana: Purdue University.

Bukowski, W.M., and Hoza, B., Boivin, M., 1993. *Popularity, Friendship, and Emotional Adjustment During Early Adolescence,* Loursen, B.: Friendships in Adolescence, San Francisco: Jossey-Bass, 23-37.

Buunk, B.P., and Prins, K.C., 1998. *Loneliness, Change Orientation, and Reciprocity in Friendships.* Personal Relationships, 5.1-14.

Deković, M., and Janssens, J., 1992. *Parents' Child-Rearing Style and Child's Sociometric Status.* Developmental Psychology, 28/5, 925-932.

Fine, G.A., 1981. *Friends, Impression Management, and Preadolescent Behaviour,* Asher, S.R., Gottman, J.M.: *The Development of Children's Friendships,* 29-53.

Hartup, W.W., 1996. *The Company They Keep: Friendships and Their Developmental Significance,* Child Development, 67, 1-13.

Ladd, G.W., 1990. *Having Friend, Keeping Friends, Making Friends and Being Liked by Peers in the Classroom: Predictors of Children's Early School Adjustment.* Child Development, 61,1081-1100.

MacDonald, K., and Parke, R.D., 1984. *Bridging the Gap: Parent-Child Play Interaction and Peer Interactive Competence.* Child Development, 55,1265-1277.

Macuka, I., 2005. *Skala percepcije obiteljskih odnosa. Zbirka psihologijskih skala i upitnika.* Zadar. No. 2.

Parker, J.G., and Asher, S.R. 1997. *Beyond Group Acceptance Friendship and Friendship Quality as Distinct Dimensions of Children's Peer Adjustment,* Personal Relationships, 4, 261-294.

Parker, J.G., Rubin, K.H., Price J.M., and DeRosier, M.E., 1995. *Peer Relationships, Child Development, and Adjustment: A Developmental Psychopatology Perspective.* New York: Wiley, 96-161.

Peplau, L.A., and Perlman, D., 1982. *Perspectives on Loneliness: A Wiley-Interscience Publication.* New York: John Wiley & Sons, 1-18.

Pearson, J.C., and Spitzberg, B.H., 1990. *Interpersonal Communication, Concepts, and Contexts,* Wm. C. Broun Publishers.

Rohner, R.P., 1984. *Handbook for the Study of Parental Acceptance and Rejection.* The University of Connecticut.

Sullivan, H.S., 1953. *Interpersonal Theory of Psychiatry,* W.W. Norton & Company. Inc. New York.

Vulić-Prtorić, A., 1998. *Skale kvalitete obiteljskih interakcija, Zbirka psihologijskih skala i upitnika.* Zagreb.

Youniss, J., and Smollar, J., 1985. *Adolescent Relationships with Mothers, Fathers and Friends,* University of Chicago Press, Chicago.

Orhideja SHURBANOVSKA

**LONELINESS, SATISFACTION OF THE CHILD AT SCHOOL AND FRIENDSHIP**

**Summary**

Peer relations are not always accompanied by a feeling of pleasure. When a child cannot satisfactorily accomplish the relations with the peers, and the surrounding and thus satisfy its needs for belonging, love and intimacy, it leads to the occurrence of the unpleasant emotion called loneliness. Loneliness is a result of an unsuccessful social interaction. Satisfaction of the child at school determine filing of pleasure and adjustment of the child in school environment. It presented the measure of wellness at school.

In our research the basic question was: how are the family and peer relations (friendships) associated with the lonesome behavior and satisfaction of the child at school in mid childhood and early adolescence (3rd grade and 7th grade pupils), respectively. The family relations are shown through the following dimensions: satisfaction with the family, acceptance by the mother, acceptance by the father, rejection by the mother, rejection by the father, mother emotionality, father emotionality, mother control and father control. The dimensions of peer relations were: quality of the relations with the best friend, the satisfaction with the best friend, the assessment of the friendship reciprocity, the relations of three best friends with the pupil and vice versa, the acceptance by the peers. Dependent variable was the loneliness of the child at school and satisfaction of the child at school. 194 examinees were elaborated in the research. It included 3rd grade pupils (85) and 7th grade pupils (109).

The results were statistically processed by regressive analysis on two general factors family and peers (with their dimensions) like predictors of lonesome behavior. For the 3rd grade pupils the regressive analysis rendered the following factors as significant variables ($p<0.05$): (un)acceptance by the father, rejection by the mother, control by the father and quality of family interaction. These dimensions contributed to the explanation and prediction of the lonesomeness as 36% ($R^2$). The results of the regressive analysis of the 7th grade pupils show a significant influence ($p<0.05$) by mother emotionality, while within the peer variables the significant one was the satisfaction with the best friend. They explain and predict the lonesome behavior as 42% ($R^2$). The satisfaction at school (for the 3th grade child) is explained with 29% of mutual general factors (family and peers). But it`s interesting for the 7th grade

child, the family factor is more significant than peer factor, but the mutual factors are predicting the satisfaction at school 29%($R^2$).

An outcome shows that lonesomeness of the child in the school and satisfaction at school proved to be more influenced by the family relations than by the peer relations (for 3rd grade pupil's only family variables explain lonesome behavior). The satisfactions of relation with the best friend significantly contribute to the lower lonesome behavior at the child, especially for $7^{th}$ grade students.

**Key words**: LONELINESS, SATISFACTION OF THE CHILD AT SCHOOL, FAMILY INTERACTION, PEER INTERACTION, FRIENDSHIP.